# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 5 * година VI* 27.4.2011 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, април 2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош**

1.Се објавува Решението за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош донесено на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-3859/1**
**27.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002),член 15 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006) и член 39 од Деловникот на Советот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош**

1.Советот на Општина Карпош за Претседател на Советот на Општина Карпош го избира Трифун Трифуновски, член на Советот на Општина Карпош.

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-3712/1
26.04.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за учество на Општина Карпош во проектот од Програмата “Форуми во заедницата – буџетски форуми“**

1.Се објавува Одлуката за учество на Општина Карпош во проектот од Програмата **“**Форуми во заедницата – буџетски форуми“донесена на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-3859/2**
**27.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за учество на Општина Карпош во проектот од Програмата “Форуми во заедницата – буџетски форуми“

Член 1

Се одобрува Општина Карпош да учествува во Проектот од Програмата “Форуми во заедницата – буџетски форуми“ кофинансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка-SDC.

Член 2

Половина од финансиските средствата во износ од 2.400.000,00 денари ги обезбедува Швајцарската агенција за развој и соработка-SDC, а преостаниот дел од средствата во износ од 2.400.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, доколку општината го добие проектот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-3712/2 ПРЕТСЕДАВАЧ
26.04.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за формирање Организационен одбор за одбележување на 35-годишнината од формирање на Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за формирање Организационен одбор за одбележување на 35-годишнината од формирање на Општина Карпош, донесена на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-3859/3**
**27.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 26 април 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање Организационен одбор за одбележување на 35-годишнината од формирање на Општина Карпош**

Член 1

За одбележување на 35-годишнината од формирање на Општина Карпош се формира Организационен одбор во следниот состав:

-Стевчо Јакимовски, градоначалник на Општина Карпош-Претседател на Организациониот одбор
-Трифун Трифуновски, претседавач на Советот на Општина Карпош-член
-Владо Поповски, секретар на Општина Карпош-член;
-Дарко Илиевски, координатор на советничката група на СДСМ-член;
- Емил Угриновски,координатор на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ- член;
-Горан Михајлов, член на Советот на Општина Карпош од ЛДП- член;
-Душан Велкоски, член на Советот на Општина Карпош од ВМРО НП-член;
-Ранко Петровиќ, член на Советот на Општина Карпош од група избирачи РП-член;
-Давор Грче, член на Советот на Општина Карпош-член;
-Панче Стојановски, член на Советот на Општина Карпош-член;
-Роберт Живадиновиќ, член на Советот на Општина Карпош- член;
-Биљана Костова, член на Советот на Општина Карпош-член;
-Глигор Чемерски, заслужен граѓанин на Општина Карпош-член
-Владо Богоевски, заслужен граѓанин на Општина Карпош-член;
-Влатко Стефановски, заслужен граѓанин на Општина Карпош-член;
-Родна Кондеска, директор на ЈУОДГ „Орце Николов“-член;
-Елеонора Стрезовска, директор на ОУ „Војдан Чернодрински“-член.

Член 2

Се задолжува Организациониот одбор да изработи програма за одбележување на 35-годишнината од формирање на Општина Карпош.

Програмата од став 1 на овој член Организациониот одбор да ја достави до Советот на Општина Карпош во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 3712/3 ПРЕТСЕДАВАЧ
26.04.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за прифаќање на Спогодбата за соработка помеѓу Општина Стари Град-Сараево, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Одлуката за прифаќање на Спогодбата за соработка помеѓу Општина Стари Град-Сараево, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје донесена на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-3859/4** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**27.04.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 14 став 4 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 26 април 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за прифаќање на Спогодбата за соработка помеѓу Општина Стари Град-Сараево, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје

Член 1

Се прифаќа Спогодбата за соработка помеѓу Општина Стари Град-Сараево, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје.

Член 2

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја потпише Спогодбата за соработка помеѓу Општина Стари Град- Сараево, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје.

Член 3

За остварената меѓусебна соработка да се извести Министерството за локална самоуправа, во смисла на член 14 став 5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002).

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 3721/4<br>26.04.2011 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за прифаќање на Повелбата за воспоставување на соработка помеѓу Општина Травник, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Одлуката за прифаќање на Повелбата за воспоставување на соработка помеѓу Општина Травник, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје донесена на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-3859/5**
**27.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 и член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 26 април 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
за прифаќање на Повелбата за воспоставување на соработка помеѓу Општина Травник, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје

Член 1

Се прифаќа Повелбата за воспоставување на соработка помеѓу Општина Травник, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје, потпишана на ден 11.03.2011 година од градначалниците на Општина Травник и Општина Карпош.

Член 2

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја потпише Спогодбата за соработка со Општина Травник, со која ќе се регулираат меѓусебните односи на збратимените општини.

Член 3

За остварената меѓусебна соработка да се извести Министерството за локална самоуправа, во смисла на член 14,став 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002).

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-3712/5 ПРЕТСЕДАВАЧ
26.04.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Криви Дол , Блок 2 и дел од Блок 3, Општина Карпош, Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Криви Дол , Блок 2 и дел од Блок 3, Општина Карпош, Скопје донесена на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-3859/6** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**27.04.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовск,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и 2 и член 26 став 4 алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 26 април 2011 година донесе

## О Д Л У К А

за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Криви Дол , Блок 2 и дел од Блок 3, Општина Карпош, Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за Криви Дол, Блок 2 и дел од Блок 3, Општина Карпош, Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

- На североисток по оската на улицата “Новопланирана 8“ и улица “Скупи“
- На северозапад се граничи со катастарските парцели КП 422/1,КП 422/8, КП 422/9 и КП 422/10
- На југозапад по оската на улица “Скупи“
- На југ реката Вардар

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 9,75 ха.

### Член 3

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план, ги содржи следните намени: домување во станбени куќи со компатибилни намени, стоваришта со компатибилни намени, новопланирани трафостаници,спорт и рекреација и заштитно зеленило.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени:

А1-домување во станбени куќи компатибилни намени: Б1 до 30%,В2 до 10% , В5 до 5% и Д3 до 10%, со вкупно учество во компатибилните намени до 30%

Е2-новопланирани трафостаници

Д1- со компатибилни намени: Д3

Д2-заштитно зеленило

Максималната висина за градба во планот се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и истата се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се гради во одредена височина,при што максималната висина на објектите изнесува H max. = 10,20 м.

Со Нацрт-планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри зауредување напросторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење од Комисијата за давање мислења на нацрт плановите, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на Јавната презентација и Јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-3712/6 ПРЕТСЕДАВАЧ
26.04.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за донесување Детален урбанистички план за дел од МЗ Владо Тасевски 26 дел В, населба Тафталиџе,Општина Карпош,Скопје

1.Се објавува Одлуката за донесување Детален урбанистички план за дел од МЗ Владо Тасевски 26 дел В, населба Тафталиџе,Општина Карпош,Скопје донесена на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-3859/7**
**27.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2005, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 26 април 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за донесување Детален урбанистички план за дел од
МЗ Владо Тасевски 26 дел В, населба Тафталиџе,Општина Карпош,Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од МЗ Владо Тасевски 26 дел В,населба Тафталиџе,Општина Карпош,Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот кој се утврдува со Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На север**: бул. “Партизански одреди”
**На исток**: ул. „ Франклин Рузвелт “
**На запад**: ул. “Багдатска “
**На југ**: ул.” Дрезденска”

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 2,48 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план, ги содржи следните намени: домување во станбени куќи со можност од компатибилна класа на намена,мали комерцијални и деловни дејности, семејно домување во станбени згради со можност од компатибилна класа на намена, комунална супраструктура- трафостаница.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени:
А1-домување во станбени куќи со можност од компатибилна класа на намена
А2-семејно домување во станбени згради со можност од компатибилна класа на намена
Б1-мали комерцијални и деловни дејности
Е2-Комунална супраструктура-трафостаница

Максималната висина за градба во планот се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и истата се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се гради во одредена височина,при што максималната висина на објектите изнесува Х мах. = 13,20 м.

Со Нацрт-планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри зауредување напросторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на претседавачот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Архивата на Општината и Секторот за урбанизам, а примерок од планот се доставува до надлежното министерство.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 3712/7
26.04.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Правилникот за заштита од пожари и експлозии

1.Се објавува Правилникот за заштита од пожари и експлозии донесен на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-3859/8**
**27.04.2011 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/02), а во врска со член 52 став 2 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија” бр.36/2004,49/2004,86/2008,124/2010 и 18/2011) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 26 април 2011 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

## I. Општи одредби

Со овој правилник се уредуваат:

-начинот на обучување на вработените за учество во гасење на пожари и ракување со уредите, техничката опрема и средства за гасење на пожари;

-уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожари, нивна распореденост и времето за испитување на нивната исправност;

-должностите и одговорноста на раководителите и другите вработени во врска со заштита од пожари, а посебно во случај на избувнување и гасење на пожари.

-мерките за заштита од пожари со кои се отстранува односно намалува опасноста од пожари;

## II. Организациона и просторна поставеност

Организациона поставеност

Во рамките на Општина Карпош согласно Законот за локална самоуправа постојат два органи и тоа:

-Совет на Општина Карпош

-Градоначалник на Општина Карпош

Општинската администрација ја сочинуваат:

-Секретар на Општината,

-Дванаесет сектори и две посебни одделенија и тоа:

-Сектор за правни работи;

-Сектор за подршка на Градоначалникот;

-Сектор за финансии;

-Сектор за јавни набавки;

-Сектор за развој на Општината;

-Сектор за урбанизам;
-Сектор за уредување градежно земјиште и комунални работи;
-Сектор за дејности од јавен интерес;
-Сектор за заштита на животна средина и природата;
-Сектор за односи со јавноста и информации на граѓаните;
-Сектор за инспекторат;
-Сектор за информатичка технологија;
-Одделение за човечки ресурси и
-Оделение за внатрешна ревизија.

Просторна поставеност

Седиштето на Општина Карпош се наоѓа на улица “Демир Трајко“ бб.

Објектот од северна, западна и јужна страна граничи со индивидуални куќи за домување додека од источна страна со стамбени објекти.

Просторот каде што се наоѓа објектот е на рамна површина и во населено место има слободен пристап од улица “Демир Трајко“ и улица “Женевска“.

Објектот е изграден од тврда градба и се состои од приземје, кат и подрум.

Во подрумските простори има лоцирана котлара на нафта за потребите на Општината за затоплување.

Главниот влез се наоѓа од западна страна на самата улица“Демир Трајко“, а има и спореден влез кој се наоѓа од јужна страна на објектот што излегува на паркинг-просторот.

## III. Начин на обучување на вработените за учество во гасење на пожар

Обучувањето на вработените во Општината за учество во гасење на пожар и ракување со уредите, техничката опрема и средствата за гасење пожар го извршува специјализирана фирма од областа за Противпожарна заштита и спасување.

Заради успешно справување на мерките и активностите за заштита од пожари вработените се запознаваат со основните постапки кои треба да се преземат при појава на пожар.

## IV. Уреди, техничка опрема и средства за гасење пожар

Објектот на Општина Карпош на ул."Демир Трајко бб" е обезбеден со соодветен број на противпожарни апарати со различен капацитет, систем за дојава при евентуално избувнување на пожар и целосно е покриен со громобранска инсталација.

Сите средства со кои располага Општината се наоѓаат на точно определено и обележано место достапно за употреба.

Средства за гасење на пожар се одржуваат во исправна состојба според постојните технички прописи, при што најмалку еднаш годишно, а според потребите и почесто, на нив се врши детален преглед и сервис.

При тоа доколку се утврдат недостатоци,истите веднаш се отстрануваат.

Противпожарните апарати се поставуваат на погодни и приодни места и на висина најмногу до 1,5 метри.

Системот за дојава е инсталиран и за негова исправност се грижи специјализирана фирма за одржување на системи противпожарна заштита.

## V. Должност и одговорност во врска со заштита од пожари

Градоначалникот на Општина Карпош во областа за заштита од пожари ги има следните права и должности:

- се грижи за правилно спроведување на противпожарната заштита во Општината согласно законските прописи;

- во случај на појава на пожар формира посебна комисија за испитување на причините и последиците од пожарот и причинетата материјална штета;

- одлучува за неисполнување на обврските на одговорните лица и вработените кои не се придржувале на пропишаните мерки за заштита од пожари.

Секретарот на Општина Карпош и раководителите на секторите во поглед на извршувањето на мерките за заштита од пожари должни се:

-да се грижат за остварување на мерките од противпожарната заштита во согласност со одредбите од овој Правилник;

-да организираат отстранување на воочените и пријавените недостатоци;

-да ги пријават на непосредно повисокиот раководител сите недостатоци во врска со заштита од пожари кои не се во состојба сами да ги отстранат;

-да присуствуваат по потреба при извршување на работни операции во просториите каде што може лесно да дојде до настанување на пожар;

-да учествуваат при гасење на евентуален пожар во објектот на ул.“Демир Трајко“ бб, при спасување на животот на луѓето и имотот на Општината;

-да поднесуваат пријава за утврдување на одговорност против вработените кои не се придржуваат на пропишаните мерки од противпожарна заштита.

Вработените во Општина Карпош се должни:

-на своите работни места и во работните простории каде што работат да ги спроведуваат мерките за заштита од пожари пропишани со овој Правилник за заштита од пожари,да обрнат внимание при ракување со грејните тела и климатизерите и на крајот од работното време истите задолжително да се исклучуваат;

-да учествуваат во спречување и гасење на пожари и спречување на штети настанати од пожари и спасување на луѓето, имотот и материјалните добра на Општината;

-да ги извршуваат налозите и одлуките на непосредниот раководител и Градоначалникот, од областа на противпожарната заштита;

-да совладаат соодветна обука од областа на противпожарната заштита,

-за спроведување на мерките за заштита од пожари по завршување на работното време се задолжени лицата за обезбедување на објектот кои што задолжително ги вршат сите неопходни проверки и во случај на појава од пожар постапуваат согласно утврдените процедури со овој Правилник.

## VI. Мерки и постапка во случај на појава на пожар

Во случај на појава на пожар ,а заради што поуспешно и непречено гасење на пожарот и заштита на животот на луѓето, имотот и материјалните добра, сите вработени се носители на мерки и постапки, при што се должни:

-веднаш да го прекинат доводот на електична енергија;

-веднаш да се прекине доводот на гориво во котларата

-да одредат кои средства ќе ги употребат при гасењето на пожарот;

-веднаш да се повика противпожарната единица, да се извести полиција и да се повика брза помош;

-да го ограничат делумно или целосно доведувањето на вода на другите потрошувачи заради обезбедување потребно количество вода за гасење на пожарот;

-присилно да отворат заклучена просторија заради гасење на пожар;

-да го обезбедат местото на пожарот од пристап на неповикани лица;

-да ги отстранат средствата и другите предмети од места кои представуваат пречка, за несметан пристап на противпожарните возила и другите средства за гасење на пожар;

-да ги преземат сите мерки за навремена евакуација на лицата, предметите и материјалите од Општината што се загрозени од пожарт, како и пренесување на истите на безбедни места;

-да преземат и други неопходни мерки заради гасење на пожарот.

После секој пожар лицата што учествуваат во гасењето се должни да ги преземат сите потребни мерки за сочувување на трагите и предметите кои можат да послужат за утврдување на причините за пожарот, и на местото на пожарот да се постави дежурство поради спречување на повторно избувнување на пожар.

VII. Овој правилник стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.07-3712/8
26.04.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за изменување на Програмата за дејноста култура за 2011 година

1.Се објавува Програмата за изменување на Програмата за дејноста култура за 2011 година донесена на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-3859/9** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**27.04.2011 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 26 април 2011 година донесе

ПРОГРАМА

**за изменување на Програмата за дејноста култура за 2011 година**

1.Во Програмата за дејноста култура за 2011 година (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр 12/2010) во Глава II. Креативно едукативни активности за ученици и деца - Креативни работилници за возрасни, во точка 4.“Креативна работилница за деца од од предшколска возраст и деца од прво и второ одделение“, во алинеа 2 зборовите: “Галерија Соломонови“ се зменуваат со зборовите: “Друштво за трговија и услуги АРТ Соломон СС дооел-Скопје“.

2. Оваа Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 3712/9 ПРЕТСЕДАВАЧ
26.04..2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за давање Согласност на Статутот на Приватната установа за деца-Приватна детска градинка “Детска Академија Слонче“-Скопје

1.Се објавува Заклучокот за давање Согласност на Статутот на Приватната установа за деца-Приватна детска градинка “Детска Академија Слонче“-Скопје донесен на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-3859/10**<br>**27.04.2011 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**<br>**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со член 12 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008, 107/2008, 83/2009 и 170/2010) Советот на Општина Карпош на Триесет и четвртата седница одржана на 26 април 2011 година донесе

**З А К Л У Ч О К**

за давање Согласност на Статутот на Приватната установа за деца-Приватна детска градинка “Детска Академија Слонче“-Скопје.

1.Се дава Согласност на Статутот на Приватната установа за деца-Приватна детска градинка “Детска Академија Слонче“-Скопје, донесен од Управниот одбор на градинката.

2.Заклучокот да се достави до Приватната установа за деца-Приватна детска градинка “Детска Академија Слонче“-Скопје.

3.Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“

Број 07-3712/10
26.04.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за именување на членови на Координативното тело за следење на активностите за превенција и намалување на семејното насилство на подрачјето на Општината Карпош

1.Се објавува Одлуката за именување на членови на Координативното тело за следење на активностите за превенција и намалување на семејното насилство на подрачјето на Општината Карпош донесена на Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 26 април 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-3859/11**
**27.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ “ број 5/02), член 2 став 1 алинеа 12 од Статутот на Општина Карпош и член 3 од Меморандумот за разбирање за реализација на проектот “ Стратешки иницијативи за живот без насилства“, Советот на Општината Карпош, на Триесет и четвртата седницата одржана на 26 април 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за именување на членови на Координативното тело за следење на активностите за превенција и намалување на семејното насилство на подрачјето на Општината Карпош

член 1

За членови на Координативното тело за следење на активностите за превенција и намалување на семејното насилство на подрачјето на Општината Карпош се именуваат:

1. Томка Дилевска – Претседател на ОЖС и Коодинатор на проектот
2. Билјана Костова- Председател на Комисијата за родова еднаквост меѓу жените и мажите.
3. Гордана Стојчевска- Зафировска- Раководител на Одделението на социјална, детска и здравствене заштита
4. Бојан Величковски – Командир на ПС Карпош
5. Катерина Никодиноска- Еврејска заедница во Р. Македонија
6. Лилјана Симоновска - Завод за ментално здравје на деца и младинци
7. Снежана Смилевска- Координатор на SOS Националната линија за семејно насилство 15700
8. Дивна Змејковска- Асистент Координатор на Проектот
9. Даница Мартиновска - Координатор за реализација на заедничките активности на ОЖС и Општината Карпош

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Карпош“

Број 07-3712/11
26.04.2011 година
Скопје

Председавач
на Совет на Општина Карпош
Трифун Трифуновск,с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош со Решение за објавување .................. 2-3

2.-Одлука за учество на Општина Карпош во проектот од Програмата “ Форуми во заедницат–буџетски форуми “ со Решение за објавување .................. 4-5

3.-Одлука за формирање организационен одбор за одбележување на 35-годишнината од формирање на Општина Карпош објавување со Решение за објавување .................. 6-7

4.-Одлука за прифаќање на Спогодбата за соработка помеѓу Општина Стари Град Сараево, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје со Решение за објавување ................. 8-9

5.-Одлука за прифаќање на Повелбата за воспоставување на соработка помеѓу Општина Травник, Федерација Босна и Херцеговина и Општина Карпош-Скопје со Решение за објавување ........ 10-11

6.-Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Криви Дол дел А и дел Б, Општина Карпош,Скопје со Решение за објавување .................. 12-15

7.-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од МЗ Владо Тасевски 26 дел В, населба Тафталиџе, Општина Карпош,Скопје со Решение за објавување .................. 16-19

8.-Правилник за заштита од пожари и експлозии со Решение за објавување ................. 20-25

9.-Програма за измена на Програмата за култура за 2011 година со Решение за објавување ................. 26-27

10.-Заклучок за давање Согласност на Статутот на Приватна установа за деца-Приватна детска градинка “Детска Академија Слонче“-Скопје со Решение за објавување .................. 28-29

11.-Одлука за именување на членови на Координативното тело за следење на активностите за превенција и намалување на семејното насилство на подрачјето на Општината Карпош со Решение за објавување ................. 30-31

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение за поддршка за работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 50 примероци